# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 4 *  година VI*  4.4.2011 година  *  Карпош  *  цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk,    www.karpos.gov.mk

Скопје, април 2011 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата во градинките со вработување на технички персонал, негувателки и воспитувачки

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата во градинките со вработување на технички персонал, негувателки и воспитувачки донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/1**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Информацијата за состојбата во градинките со вработување на технички персонал, негувателки и воспитувачки.

2. Советот да побара од Министерството за труд и социјална политика да го разгледа проблемот со вработување на техничкиот персонал, негувателките и воспитувачите кои привремено се вработени во градинките и да изнајде решение за нивно вработување, со што ќе се придонесе за подобро згрижување и воспитување на децата.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/1<br>30.3.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Информацијата за начинот на уредување на тротоарите од улица Ванчо Мицков, населба Долно Нерези

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за начинот на уредување на тротоарите од улица Ванчо Мицков, населба Долно Нерези, донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/4**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Информацијата за начинот на уредување на тротоарите од улица Ванчо Мицков, населба Долно Нерези.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош при целосна реализација на Деталниот урбанистички план за населба Долно Нерези, односно за извршувањето на реконструкција на одредени делови од оштетените тротоари на улицата Ванчо Мицков да постапи во согласност со одредбите од Одлуката за изградба на дворни огради на индивидуалните станбени куќи на подрачјето на општина Карпош, заради реализација на деталните урбанистички планови („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 2/2011)

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/4
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2011

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2011 година донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/5**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен галсник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2011 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 12/2010) член 11 се брише.

**Член 2**

Во член 16, став 1 по зборот „вработен” се додава текстот „но не повеќе од 30.000,00 денари”.

Во истиот член, во став 2, по зборот „вработен” се додава текст „но не повеќе од 15.000,00 денари”.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798/5
31.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за централен Градски парк , блок 3, Општина Карпош – Скопје

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за централен Градски парк, блок 3, Општина Карпош – Скопје, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/6**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 и член 26, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт- детален урбанистички план за централен Градски парк, блок 3, Општина Карпош – Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-детален урбанистички план за централен Градски парк, блок 3, Општина Карпош – Скопје.

Нацрт-деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**од северозапад:** оска на постоечката патека од северозападната страна на зоолошката градина.
**од север:** јужната страна на постоечката водена површина од водените текови од паркот и оската на р. Вардар.
**од југоисток:** оска на постоечката улица со КП 7093, скршнува кон исток и продолжува по северозападната страна на улицата со КП 13734, па продолжува по пешачкиот мост преку реката Вардар. Оваа граница во исто време е и граница меѓу општина Карпош и општина Центар.
**од југозапад:** од југозападната страна на границата на парцелата на

зоолошката градина, врти кон југозапад по југоисточна граница на КП 509, врти кон југоисток по североисточна страна на КП 506, врти кон југозапад по југоисточна граница на КП 506, продолжува во истиот правец до оска на бул. Илинден и продолжува по оска на бул. Илинден.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 22,77 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: зеленило и рекреација (зоолошка градина, спортски терени и објекти и парковско зеленило), како и јавни институции – култура (природонаучен музеј) и простори за собири (централен забавен парк).

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

**В - јавни институции**
**В3 - култура**
**В3.1. - природонаучен музеј**
**Д - зеленило и рекреација**
**Д1 - парковско зеленило**
**Д2 - заштитно зеленило**
**Д3 - спорт и рекреација**
**Д3.1 - спортски терени**
**Д3.2 - зоолошка градина, со можност од компатибилна класа на намена Б1 - мали комерцијални и деловни дејности**

Максималната висина за градбите во планот се изразува како вертикално растојание меѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и таа се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на катови кој може да се гради во одредена височина, при што максималната висина на објектите изнесува П, П+1, П+4.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/;

- регулациона линија;
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради;
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/;
- процент на изграденост /%/;
- максимална развиена површина на објект /м2/;
- коефициент на искористеност /К/;
- намена на објектот;
- максимална висина на објектот /до завршниот венец/ од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека;
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел;
- Графички прилози;
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт-плановите, со утврдување на времето и местото каде што ќе биде изложен планот и спроведување на јавна презентација и на јавна анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798/6
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за наплата на приходите по основа на даноците на имот за 2010 година

1. Сеобјавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за наплата на приходите по основа на даноците на имот за 2010 година донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/7**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Информацијата за наплата на приходите по основа на даноците на имот за 2010 година.

2. Се задолжува Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци, решенијата за наплата на данокот на имот, преку урбаните и месните заедници навремено да ги доставува до граѓаните од подрачјето на општина Карпош, со цел за поефикасна и навремена наплата.

3. Од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година да се издвојат средства во износ од 330.000,00 денари и средства за персонален данок за исплата на лицата ангажирани за спроведување на наплатата на даноците.

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/7
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Карпош за 2011 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Карпош за 2011 година донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/8**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница, одржана на 30 март 2011 година донесе

# ПРОГРАМА
## за поставување урбана опрема на подрачјето на општина Карпош за 2011 година

Со оваа Програма се уредуваат видовите урбана опрема, локалитетите на кои се поставува, начинот и условите за нејзино поставување, дислоцирањето и отстранувањето на урбаната опрема на подрачјето на општина Карпош.

## I. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелената површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.

При поставување на урбана опрема не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно-демонтажен или типски објект од лесна конструкција таа треба да изнесува минимум 4,5 м.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се внимава на следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80 м од рабникот на коловозот /за кошница за отпадоци, жардиниери, рекламни направи и др./, односно 1,5 м до 2,5 м од рабникот на коловозот/ за автобуски постојки, тезги, дрвореди/.

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување на натстрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина.

Поставувањето урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, по завршувањето на манифестацијата се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период /електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл./ од соодветните јавни

претпријатија и други правни лица /даватели на услугите/, односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата;
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно-демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои се очекува тоа, принцип на повеќеводни покриви – со низок врв на покрив, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно со закон.

При поставување на урбана опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект, или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува во согласност со Програмата и истите може да бидат со различни димензии во зависност од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти, во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3,5 м и висина на врв на покривот добиена со минимален наклон на покривот во зависност од видот на употребениот

покривен покривач /само како заштита на објектот/, со кота на приземја не повисока од 15 см.

## II. ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА И ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА НЕЈЗИНО ПОСТАВУВАЊЕ

Тераси, шанкови и натстрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположливата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречно безбедно движење од сите корисници, согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање /„Службен весник на РМ“ бр. 124/2010/, особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот /пешачки движења на лица со хендикеп/, пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило /возило на јавни служби/.

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони или други слични материјали. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување визуелно експонирано.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси е дозволено поставување на: лесно подвижни маси, столови, натстрешници, чадори, постаменти за чадори, жардиниери, ограда и др. не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кејови и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се

поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата, бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса /вршење на угостителска дејност / со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнителна опрема како фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5 м.

Масите и столовите како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија /чадори, тенди и натстрешници/ поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, може да ја наткрива само одобрената површина и не смее да биде прицврстена за подлогата.

Тендите се типски – монтажни елементи со роло-механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред маси и столови паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3,2 м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или каков било друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од едната страна поради изградба на зимска градина на јавна површина.

Натстрешница е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло-механизам.

При поставување на натстрешници минималната слободна височина изнесува 3,2 м.

Страните на натстрешницата не смеат да се затвораат со најлон или каков било друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардиниерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м.

Оградите и жардиниерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардиниери кон пешачката зона, односно истите се поставуваа само меѓу соседни летни тераси.

Летни дискотеки

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Летни дискотеки се поставуваат со Програма донесена на Советот на Град Скопје и на Советот на Општина Карпош, со претходна согласност од Град Скопје.

Покриени и отворени шанкови

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, на реализирана партерна јавна површина, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да бидат прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните /карта на Град Скопје, возен ред и друго/ и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа можат да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Самостоечки рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 54/2007, 86/2008, 98/2008 и 64/2009) и посебен акт на Град Скопје.

Опрема за забава на деца и детски игралишта

Опремата за забава на деца може да се постави на места каде што има доволен простор за тоа /поголеми јавни површини или неизградено

земјиште/, во близина на паркинг-простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

Фонтани, чешми, клупи и канти за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и канти за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и кантите за отпадоци се дел од урбаната опрема и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно со елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите е потребно да има безбеден поплочен простор со димензии од 1,0 м x 1,2 м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци можат да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Паркиралишта за велосипеди

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на Општина Карпош и Град Скопје.

Жардиниери, граничници

Жардиниери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максимална висина на жардиниерите и граничниците е 0,80 м.

Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува од 2,0 до 4,0 $м^2$ и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.
Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Елементи за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на кој било начин (најлони, застакленување и слично).

Кантите за отпадоци можат да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да бидат во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејзажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на изградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група граѓани, согласно со стандардите на оваа Програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

Сплавови-платформи за јавни настани на вода

Сплавови се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100 м$^2$. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

Монтажно-демонтажни типски објекти

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се објекти со површина до 16,0 м$^2$, кои можат да се постават на одредени места. Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, за вода и за безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Оформени услови:

- монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол-тенда;
- на монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на претпријатието, која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50 см;

- на надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација, како и каква било опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5 м до 2,5 м, а од раскрсница мин. 10,0 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање стока, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација (мијалник-тоалет).

- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање стока да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не впива и кој лесно се чисти.

Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласнсот со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0 $м^2$ до 16,0 $м^2$ и висина до 4,0 м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има четири типа автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А – само автобуска постојка.
Во рамките на овој тип има натстрешница, клупа, канта за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
б) Тип Б – автобуска постојка со билетарница.
Во рамките на овој тип има билетарница, натстрешница, клупа, канта за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
в) Тип В – автобуска постојка со киоск.
Во рамките на овој тип има киоск, натстрешница, клупа, канта за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
г) Тип Г – автобуска постојка со билетарница и киоск.
Во рамките на овој тип има билетарница, киоск, натстрешница, клупа, канта за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде што ќе бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува Градот Скопје.

При лоцирање на автобуските е постојки потребно да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5 м.

Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0 $м^2$. За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Тие не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед.

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0 м$^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0 м$^2$.

Телефонски говорници

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет-пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин за да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор којшто треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5 м х 1,5 м, за да се овозможи нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постоечките пешачки движења.

## III. ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ НА ПОСТОЕЧКИ ПРИВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ – **графички прилог**

## IV. ПРЕГЛЕД НА МИКРОЛОКАЦИИ НА ПОСТОЕЧКА УРБАНА ОПРЕМА, КАКО И ЛОКАЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ

## V. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Согласно со Закон за градењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009 ,124/2010 и 18/2011), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општината Карпош.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема кое го издаваат Градоначалникот на Општина Карпош и Градоначалникот на Град Скопје.

Точното позиционирање на урбаната опрема го одредува овластен геодет од страна на Општина Крапош.

Општина Карпош во согласност со Законот за градењето води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Карпош се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава Градоначалникот на Општина Карпош.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост е потребно само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.);
- краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.);
- сезонско за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.);

- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општината.

Одобрение за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа**: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед:

1. Одобрение за вршење дејност, издадено од Град Скопје;
2. Геодетски елаборат изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата;
3. Доказ за регулирано плаќање на комунална такса;
4. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

**II. За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа**: тераси со или без натстрешници, покриени и непокриени шанкови:

1. Одобрение за вршење дејност, издадено од Град Скопје;
2. Заверен Елаборат изработен врз основа на кој е издадено одобрение за вршење на дејност;
3. Доказ за регулирано плаќање на комунална такса;
4. Извод од Програма;
5. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

**III. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг-простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти:**

1. Извод од Програма;
2. Основен ревидиран проект;
3. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

**IV. Клупи, чешми, канти за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина и други видови урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност:**

1. Извод од Програма;
2. Основен ревидиран проект;
3. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за локален економски развој.

Надлежниот сектор на Општината врши увид на самото место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди, утврдени во Одлуката за утврдување на стандарди за поставуање на урбана опрема на подрачјето на Градот Скопје, број 07-481/1 од 17.2.2010 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 3/2010) и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стандарди за поставуање на привремени објекти и урбана опрема на подрачјето на Градот Скопје бр. 07-627/1 од 14.2 2011 („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 03/2011 ).

**V. Извори на финансирање на Програмата**

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Карпош се финансира од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.

1. Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема:

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

## VI. Динамика на реализација на Програмата

Динамиката на реализација на Програмата ќе зависи од создадените правни и технички услови.

## VII. Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010 и 18/2011).

## VIII. Преодни и завршни одредби

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Карпош во соработка со Секторот за локален економски развој, Секторот за комунални работи и уредување на градежно земјиште и Секторот за урбанизам.

IX. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2789/8
30.3.2011 год.
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски**, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/9**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**
за изменување и дополнување на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување во Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 13/2010 и бр. 01/2011).

**Член 2**

Во делот II, по точка 28.1 се додаваат шест нови точки и тоа:

- точка 29 - Предлог-одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од УЗ „Тафталиџе" 30 - гимназија „Георги Димитров";

- точа 29.1 - Предлог-одлука за донесување ДУП за дел од УЗ „Тафталиџе" 30 - гимназија „Георги Димитров";

- точка 30 - Предлог-одлука за утврдување на Нацрт-ДУП по иницијатива на заинтересирани правни и физички лица, и

- точка 30.1 - Предлог-одлука за донесување ДУП по иницијатива на заинтересирани правни и физички лица.

- точка 31 - Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за УЗ „Тафталиџе 2" - ОУ „Братство", и

- точка 31.1 - Предлог-одлука за донесување ДУП за УЗ „Тафталиџе 2" - ОУ „Братство".

Точката 29 станува точка 32.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2798/9
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Годишната програма за работа на Секторот инспекторат

1. Се објавува Годишната програма за работа на Секторот инспекторат донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/10**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ИНСПЕКТОРАТ

## ВОВЕД

Во согласност со Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година и согласно со Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10) ја претставуваме Годишната програма за работа на Секторот инспекторат на Општина Карпош во врска со извршувањето на инспекциските работи од надлежност на Општина Карпош за периодот од 1.1.2011 заклучно со 31.12.2011 година.

Во Програмата се претставени активностите на Секторот инспекторат на Општина Карпош, кои ќе бидат преземени со цел исполнување на законската рамка за вршење на инспекциски надзор во сите области од надлежност на Општина Карпош, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања.

Секторот инспекторат на Општина Карпош во својот состав има две одделенија кои покриваат пет различни области (освен за инспекторот за домување, работно место кое не е пополнето) и тоа:

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

   1.1 УРБАНИСТИЧКА ИНСПЕКЦИЈА
   1.2 ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

   2.1 КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА
   2.2 КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

2.3 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 3. СРЕДСТВА И УСЛОВИ ШТО СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ КОНТРОЛИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за работа на Секторот е дадена по одделенија и е изработена од страна на овластените инспектори, во недостиг на раководител на Одделение за комунална инспекција, освен во Одделението за урбанистичка и градежна инспекција.

Во Програмата нема да биде обработен делот за инспекција за домување затоа што работното место не е дефинирано и со тоа и работните активности што произлегуваат од вршење на инспекцискиот надзор.

Исто така, потребните услови за комплетно исполнување на Програмата се дадени по одделенија согласно со нивните потреби и согледувања од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите се предвидени во буџетот на Општина Карпош за 2011 година во Програмата F 2 и во Програмата J 4.

За реализација на Програмата ќе биде изработен Годишен извештај.

## 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

### 1.1 УРБАНИСТИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Работните активности на овластениот урбанистички инспектор во текот на 2011 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/07, 91/09, 142/10 и 18/11);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 50/10);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05 и 110/08);

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија “ бр. 142/10).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ:

Овластениот општински урбанистички инспектор врши инспекциски надзор на постапката и усогласеноста на плановите со планот од повисок ранг, т.е. со Генералниот урбанистички план (ГУП), односно усогласеност на:

- ДУП (Детален урбанистички план);
- Урбанистички план за село со ГУП;
- Урбанистички план воннаселено место;
- Локална урбанистичка планска документација.

Ја следи постапката на:

- Изготвувањето и донесувањето на плановите;
- Чувањето на донесените урбанистички планови;
- Ажурирани геодетски (картирани) подлоги;
- Изготвува записници за констатација најмалку еднаш месечно.

Инспекцискиот надзор преставува континуиран процес.

Годишната програма ќе и овозможи на Општина Карпош систематизирано спроведување на Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и Законот за инспекциски надзор.

**Начини за подобрување на инспекцискиот надзор и спроведување на Законот за просторно и урбанистичко планирање:**

Потребно е да се дојде до поефикасни законски решенија бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

**Временси рокови за извршување на работите**:

Периодот за реалицација на оваа Програма е јануари-декември 2011 година.

Со изработување на оваа Програма за работа на овластениот урбанистички инспектор се предвидува преземање на мерки за

спроведување на законските и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор над Законот за просторно и урбанистичко планирање, Закон за инспекциски надзор и Закон за општа управна постапка.

За реализација за Годишната програма, раководителот на одделението изготвува месечни оперативни планови, кои ќе ги доставува до раководителот на Секторот инспекторат.

1.2 ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

Работните активности на овластениот градежен инспектор во текот на 2011 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10 и 18/11);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 50/10);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр. 38/05 и 110/08).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

**Вид и обем на работите**:

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија, како што се:

- градби наменети за основно и средно образование;
- градби од областа на културата;
- градби за потребите на верските заедници;
- технолошките индустриски развојни зони формирани од правни лица и градбите во овие зони;
- индустриски градби;
- стопански градби;
- деловни градби;
- станбено-деловни градби;

- градби за индивидуално домување;
- градби за колективно домување;
- градби за потребите на агроберзи;
- трговски центри;
- градби за научно-истражувачка дејност;
- катни гаражи;
- пазари;
- општински патишта;
- придружно услужни објекти на општински патишта утврдени со закон;
- елетронски комуникациски мрежи и средства;
- термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1МВ;
- ветерници;
- градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 1MW;
- далноводи со напонско ниво до 35 КВ;
- локални водоснабдителни и канализациски системи со системи за прочистување;
- градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри);
- депонии за интерен одпад (градежен шут);
- објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад;
- меѓуградски автобуски станици;
- зоолошки градини;
- стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи;
- отворени спортски игралишта;
- базени на ниво на теренот за јавна употреба;
- јавни паркови;
- јавни паркиралишта;
- жичници и ски-лифтови.

Овластениот градежен инспектор во рамките на надлежностите има право да врши инспекциски надзор:

- во текот на изградбата;

- изградба на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно;
- спроведува едукација на лица или субјект каде што ќе утврди сторена неправилност.

Инспекцискиот надзор над градби од втора категорија ја врши еден овластен градежен инспектор (со техничка припомош на еден самостоен референт) на цела територија на општина Карпош.

Инспекцискиот надзор претставува континуиран процес.

За вршењето на инспекцискиот надзор овластениот градежен инспектор води дневник, доставува Годишен извештај за претходната година до Советот на Општината.

**Финансиски средства:**

За спроведување на оваа Програма се потребни финансиски средства за извршување на донесените извршни управни акти.

**Начин на извршување на работите:**

Годишната програма ќе и овозможи на Општина Карпош систематизирано спроведување на Законот за градење, како и на Законот за инспекциски надзор.

Подеднакво важно ќе биде да се информираат и да се едуцираат граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат на долг рок од тоа.

**Начините за подобрување на инспекцискиот надзор и спроведување на Законот за градење:**

- Потребно е да се дојде до поефикасни законски решенија бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни;

- Зголемена ефикасност на инспекцијата и јакнење на нејзиниот капацитет со поголем број овластени градежни инспектори;

- Потреба за уште еден овластен градежен инспектор поради обемноста на работните активности во делот на инспекцискиот надзор.

**Временски рокови за извршување на работите:**

Периодот за реалицзација на оваа Програма е јануари-декември 2011 година.

**Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на градежна инспекција се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на инспекциски надзор над градби од втора категорија.

За реализација за Годишната програма, раководителот на одделението изработува месечни оперативни планови, кои ќе ги доставува до раководителот на Сектор инспекторат.

За извршените инспекциски надзори раководителот на одделение изготвува неделен и месечен извештај кои ги доставуваат до раководителот на Сектор.

Општината за извршените контроли изготвува квартален Извештај и ги објавува на веб-страницата.

## 2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

### 2.1 КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

Работните активности на овластен комунален инспектор во текот на 2011 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08); Закон за изменување и дополнување на Законот за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09); Закон за изменување и дополнување на Законот за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/10); Закон за изменување и дополнување на Законот за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/10);
- Закон за општа управна постапка;

- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10).

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуваат работите кои ги врши овластен комунален инспектор во текот на 2011 година и тоа:

- Проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота;
- Проверува дали се чисти снегот;
- Проверува дали се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и на индивидуалните објекти за домување;
- Проверува дали се обезбедени садови за фрлање на отпадоци во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли;
- Проверува дали при одржување на јавни манифестации е отстранет сметот;
- Проверува дали е отстранет сметот на излетнички места;
- Водење на управни постапки;
- Прием на странки;
- Учество на семинари, предавања и едукација на комуналните редари.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до ефикасни законски решенија со што би се зголемиле надлежностите на овластениот комунален инспектор бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

Исто така, овластениот комунален инспектор ќе продолжи и со активностите за предлагање на измени и дополнувања на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции сè со цел

поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Карпош.

Инспекцискиот надзор ќе се врши на начин што целата територија на општина Карпош е поделена на седум реони со 13 урбани заединци и една месна заедница сè со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

**Реонски целини се следните:**

Реон 1 – УЗ „Владо Тасевски“
– УЗ „Карпош 1“
Реон 2 – УЗ „Тафталиџе 1“
– УЗ „Карпош 2“
Реон 3 – УЗ „Карпош 3“
– УЗ „Карпош 4“
Реон 4 – УЗ „Тафталиџе 2“
– УЗ „Нерези“
Реон 5 – УЗ „Пецо Божиновски-Кочо“
– УЗ „Кузман Јосифовски-Питу“
Реон 6 – УЗ „Влае 1“
– УЗ „Влае 2“
Реон 7 – УЗ „Злокуќани“
– МЗ „Бардовци“

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на Законот за јавната чистота и прописите донесени врз основа на овој закон, надзор врши еден овластен комунален инспектор.

За извршените инспекциски надзори овластениот комунален инспектор до пополнување на работното место раководител на одделение ќе изготвува неделен и месечен извештај кои ќе ги доставува до раководителот на Сектор.

За реализација на Годишната програма ќе се изготвуваат и месечни оперативни планови кои ќе се доставуваат до раководителот на Сектор.

## 2.2 КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

Работните активности на општинските комунални редари во текот на 2011 година ќе се засноваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08), Закон за изменување и дополнување на Законот за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09);
- Закон за општа управна постапка.

Од горенаведените закони произлегуваат работите кои ќе ги вршат комуналните редари во текот на 2011 година.

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат седум комунални редари во 13 урбани и една месна заедница. Секој комунален редар врши контрола на состојбата во рамките на своите надлежности на две урбани заедници.

**Реонски целини се следните**:

Реон 1 – УЗ „Владо Тасевски“ – 1 8 улици
– УЗ „Карпош 1“ – 6 улици
Реон 2 – УЗ „Тафталиџе 1“ – 6 улици
– УЗ „Карпош 2“ – 8 улици
Реон 3 – УЗ „Карпош 3“ –14 улици
– УЗ „Карпош 4“ – 12 улици
Реон 4 – УЗ „Тафталиџе 2“ – 18 улици
– УЗ „Нерези“ – 36 улици
Реон 5 – УЗ „Пецо Божиновски Кочо“ – 20 улици
– УЗ „Кузман Јосифовски Питу“ – 26 улици
Реон 6 – УЗ „Влае 1“ – 10 улици
– УЗ „Влае 2“ – 10 улици
Реон 7 – УЗ „Злокуќани“ – 9 улици
– МЗ „Бардовци“ – 10 улици

За извршените контроли, до пополнување на работното место раководител на одделение, комуналните редари во координација со

овластениот комунален инспектор ќе изготвуваат неделен и месечен извештај кои ќе ги доставуваат до раководителот на Сектор.

**Образложение:**

Со Програмата за работа на комунални редари се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота сè со цел подобрување на условите за живот на граѓаните на општина Карпош.

За реализација на Годишната програма ќе се изготвуваат и месечни оперативни планови, кои ќе се доставуваат до раководителот на Сектор.

2.3 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2011 година работните активности за вршење на инспекциски надзор ќе ги применува следниве законски и подзаконски акти:

- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10 и124/10);
- Законот за заштита од бучавата во животната средина;
- Законот за управување со отпад;
- Закон за амбиентален воздух;
- Законот за инспекциски надзор;
- Закон за заштита на природата;
- Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа, овластениот инспектор по животна средина тековно ќе реализира неопходни работни должности во согласност со добиените претставки од граѓани и други органи, како и по сопствено видување.

Покрај тековните активности, овластениот инспектор по животна средина ќе соработува со: Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со државните инспектори по животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Секторот за заштита на животната средина и природата во Град Скопје, Секторот за комунални работи во Град Скопје,

како и со правни субјекти поточно овластени претпријатија за вршење на мерења кои се потребни за спроведување на законската регулатива.

**Предмет на контрола ќе биде следното:**

- Инспекциска контрола во делот на животна средина ќе се врши во 13 урбани и една месна заедница со цел за поефикасно и поквалитетно следење на состојбите на територија на општина Карпош;
- Утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи под Елаборат за заштита на животната средина;
- Утврдување на капацитетот на правниот субјект и на производството по просечна вредност на квартал на основа;
- Утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите и дејности на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б-интегрирана еколошка дозвола;
- Утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- Мониторинг на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава, како и податоци за цврст и течен отпад;
- Утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци;
- Утврдување дали правниот субјект го запазил рокот за поднесување на барање за издавање на дозвола за усогласување со оперативен план (во спротивно истиот се задолжува во рок од 90 дена да го стори истото); и задолжување со решение за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина (во спротивно истиот се задолжува во рок од 60 дена);

- Постапување по спроведени мерења од страна на Овластена лабораторија за испитување на нивото на бучава, квалитетот на амбиенталниот воздух и квалитетот на водата за доследно спроведување на законските обврски, односно проверка на максимално дозволените количества кај правните субјекти кои подлежат на издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и правните субјекти за кои се издава решение за оценка на влијанието на објектот врз животната средина;
- Постапување по претставки поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива;
- Водење на управни постапки;
- Прием на странки;
- Учество на семинари, обуки, работилници и предавања.

За инспекциските надзори овластениот инспектор за животна средина изготвува неделен и месечен извештај кои ги доставува до раководителот на Сектор.

**Образложение:**

Инспекцијата за животна средина ја спроведува оваа Програма на целата територија на општина Карпош со еден овластен инспектор.

Со Програмата за работа на инспекторот за животна средина се предвидува преземање мерки за спроведување на законите од областа на животната средина, за обезбедување на поквалитетна и здрава животна средина, а со тоа и подобрување на состојбите во таа област, односно на целата територија на општина Карпош.

Ефикасноста во спроведувањето на Програмата бара финансиски средства, материјално-технички средства и Барање за доделување на **договор за јавна набавка** со цел квалитетно спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина, т.е овластениот инспектор за животна средина има потреба од услуги од правен субјект кој ќе врши мерење на бучава во урбана средина.

За реализација на Годишната програма овластениот инспектор ќе изготвува и месечни оперативни планови кои ќе ги доставува до раководителот на Сектор.

## 3. СРЕДСТВА И УСЛОВИ ШТО СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ КОНТРОЛИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секторот инспекторат ќе ја спроведува оваа Програма на територијата на општина Карпош со еден урбанистички инспектор, еден градежен инспектор, еден комунален инспектор, еден инспектор за заштита на животна средина и седум комунални редари.

За спроведување на оваа Програма се потребни материјално-технички средства и други услови и тоа:

- Поставување на раководител на Одделението за комунална инспекција;
- Потреба за најмалку еден овластен градежен инспектор заради зголемување на обемот на работните активности, согласно со закон;
- Возила (во моментот располагаме со две возила, едното е постаро од десет години) кои заедно ги користиме двете одделенија, но имаме најава дека во најскоро време состојбата ќе биде подобрена;
- Присуство на полиција (асистенција) во одредени случаи;
- Редовни обуки;
- Ангажирање на други стручни институции од областа на урбанизмот, градењето, јавната чистота, комуналната дејност, заштита на животната средина;
- Простор за сместување во однос на канцелариskиот дел од работата, бидејќи сега овластениот комунален инспектор, овластениот инспектор за заштита на животната средина и седум комунални редари се сместени во една канцеларија, состојба за која има најави дека ќе биде подобрена;
- Потребни се уште два компјутера и два печатача (еден во боја А3 формат за изготвување на фотографии од терен);
- Потребни се два фотоапарати.

Периодот за реализација на оваа Програма е јануари-декември 2011 година.

4. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/10 ПРЕТСЕДАВАЧ
30.3.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје **Трифун Трифуновски**, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Планот за изменување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

1. Се објавува Планот за изменување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/11-1**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005,103/2008 и 124/2010/, а во врска со член 10, став 2, алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личите податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2009 и 158/2010/), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**П Л А Н**

**за изменување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци**

1. Во Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2010 и 5/2010), во глава IV Документација на технички и организациски мерки, во став 1, точка 2 се менува и гласи:

„Донесување на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица“.

Во став 3 зборовите „Одговорното лице за заштита на личните податоци“ се заменуваат со зборовите „Офицерот за заштита на личните податоци“.

2. Во глава V Периодични контроли, во став 1 зборовите „Одговорното лице за заштита на личните податоци“ се заменуваат со зборовите „Офицерот за заштита на личните податоци.

3. Овој План влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/11-1<br>30.3.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

1. Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/11-2**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010), а во врска со член 10, став 2, алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2009 и 158/2010), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донсе

## П Р А В И Л Н И К
### за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

**Член 1**

Во Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2010) член 5 се менува и гласи:

„Во Општина Карпош се определува офицер за заштита на личните податоци кој ги врши следните работи:
- учествува во донесувањето на одлуки поврзани со обработката на личните податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци;
- ја следи усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на законот што се однесуваат на обработката на личните податоци, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- ги изработува внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- ја координира контролата на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во

документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- предлага обука на вработените во врска со заштита на личните податоци и
- врши и други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци“.

**Член 2**

Во член 7, по став 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„Офицерот за заштита на личните податоци задолжително врши континуирано информирање на вработените за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци“.

**Член 3**

Во член 8, во точка 2 зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

**Член 4**

Во член 12, став 1, во точка 2 зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

Во став 2, зборот „десет“ се заменува со зборот „пет“.

Во став 3, зборовите „Одговорно лице“ се заменуваат со зборот „Офицерот“.

Во став 5, зборовите „секој од корисниците“ се заменуваат со зборовите „секое од овластените лица“.

Во став 7, зборовите „секој од корисниците“ се заменуваат со зборовите „секое од овластените лица“.

**Член 5**

Во член 14 по зборот „трето“ се додава зборот „правно“.

**Член 6**

Во член 15, став 3, по зборот „трето“ се додава зборот „правно“.

Во став 6 зборовите „одговорното лице“ се заменуваат со зборот „Офицер“.

**Член 7**

По член 15 се додаваат два нови члена 15-а и 15-б, кои гласат:

Член 15-а

Пристап до документите во хартиена форма кои содржат лични податоци имаат вработените во Општина Карпош во согласност со работните должности во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Карпош и други овластени лица.

За пристапувањето до документите задолжително се воспоставуваат механизми за идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува, како и за пристапот на други лица до документите.

При обработка на личните податоци содржани во документите заради нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап, овластените лица во Општина Карпош задолжително го применуваат правилото „чисто биро“.

Копирањето и умножувањето на документи го вршат само вработените лица во Општина Карпош во согласност со овластувањата утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Карпош.

За документите кои се пренесуваат надвор од работните простории на Општина Карпош задолжително се применуваат

соодветни мерки така што личните податоци содржани во истите нема да бидат видливи и достапни за трети лица или други неовластени лица.

Член 15-б

Орманите, картотеките и другата опрема за чување на документи задолжително се сместуваат во простории заклучени со соодветни заштитни механизми.

Просториите задолжително се заклучуваат и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

**Член 8**

Во сите членови од Правилникот зборовите „корисникот“, „корисник“, односно „корисниците“ се заменуваат со зборовите „овластеното лице“, „овластено лице“, односно „овластените лица“.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпопш“.

Број 07-2798/11-2
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица

1. Се објавува Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/11-3**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010), а во врска со член 10, став 2, алинеја 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2009 и 158/2010), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користењето на документите и информатичко-комуникациската опрема што Општина Карпош во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

### Член 2

Администратор на информацискиот систем во смисла на овој Правилник е државен службеник вработен во Одделението за развој на информацискиот систем, во Секторот за информатичка технологија во Општина Карпош, кој има посебно овластување од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Овластени лица во смисла на овој Правилник се државните службеници, надворешните соработници и други лица во Општина Карпош што користат документи кои содржат лични податоци и имаат пристап до информатичко-комуникациската опрема на Општина Карпош.

**Член 3**

Администраторот на информацискиот систем ги има следните обврски и одговорности:
- ги применува сите правила и процедури воспоставени со донесените интерни акти за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- врши анализа и проценка на ризиците на информацискиот систем на Општина Карпош;
- врши креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност;
- во согласност со Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Општина Карпош, врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањето на безбедноста на информацискиот систем;
- во врска со сигурноста на информацискиот систем изработува Програма за ревизии;
- го определува нивото на пристап до документите, односно информациите содржани во информацискиот систем по претходно овластување добиено од страна на Градоначалникот на Општина Карпош, и
- во координација со офицерот за заштиа на личните податоци во Општина Карпош врши периодична контрола на евиденцијата за авторизиран пристап и се грижи за организација на обуки на вработените во врска со одржувањето на безбедноста на информацискиот систем.

**Член 4**

За начинот на извршување на работата на администраторот на информацискиот систем во Општина Карпош се врши квартална контрола од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата од став 1 на овој член за извршената квартална контрола изработува извештај во кој ги внесува констатираните неправилности и мерките за нивното отстранување.

**Член 5**

Администраторските лозинки креирани од страна на администраторот на информацискиот систем задолжително се чуваат во посебен плик запечатен согласно со прописите за архивска граѓа.

Запечатениот плик од став 1 на овој член се чува во сеф во работните простории на Општина Карпош.

**Член 6**

Пристап до сефот од член 5 на овој Правилник може да имаат само администраторот на информацискиот систем, офицерот за заштита на личните податоци и секретарот на Општина Карпош.

Во случај на отсуство на администратортот на информацискиот систем, запечатениот плик може да го отворат само офицерот за заштита на личните податоци и секретарот на Општина Карпош, кај кого што стои и клучот од сефот.

**Член 7**

Секое овластено лице кое има пристап до личните податоци и до информатичко-комуникациската опрема во Општина Карпош ги има следните обврски и одговорности:
- да се придржува до сите правила и процедури воспоставени со донесените интерни акти од страна на Општина Карпош за обезбедување тајност и заштита на личните податоци;
- да ги применува сите мерки за физичка сигурност на просториите каде што се наоѓа информацискиот систем на Општина Карпош;
- веднаш да пријави кај администраторот на информацискиот систем секакво сознание /директно или индиректно/ до кое ќе дојде, а може да укажува дека постои ризик од нарушување на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Карпош, било да се работи за надворешен или, пак, за внатрешен ризик;
- не смее да ги прекршува преземените обврски за доверливост, со кои се обврзува дека секој податок до којшто ќе дојде во текот на работењето во Општина Карпош, а кој спаѓа во категоријата на личен податок во согласност со Законот за заштита на личните податоци, ќе го чува како доверлив и нема да пренесува, оддава, ниту на друг начин ќе го стави на

располагање на кое било друго лице и во која било форма надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- секој инцидент кој ќе го забележи мора да го евидентира во писмена форма од моментот кога е забележан до неговата санација;
- да ја чува доверливоста на својата лозинка;
- при вработувањето да потпише и „Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци“ и
- по престанувањето на работното време и за време на паузи и отсуства документие кои содржат лични податоци да ги чува на место на коешто нема да бидат непотребно видливи, односно да го применува правилото „чисто биро“.

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко-комуникациската опрема („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2010).

**Член 9**

Овој Праивлник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/11-3
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Правилникот за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3174/11-4**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010), а во врска со член 10, став 2, алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2009 и 158/2010) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти

### Член 1

Во Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 1/2010), во член 2, став 1 зборовите „Секој корисник е должен" се заменуваат со зборовите „Секое овластено лице е должно".

Во став 2, алинејата 5 се менува и гласи:
„Име и презиме на овластено лице кое го пријавило инцидентот".

### Член 2

Во член 5 зборот „корисниците" се зменува со зборовите „овластено лице".

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2798/11-4
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

1. Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3174/11-5**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010), а во врска со член 10, став 2, алинеја 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личите податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2009 и 158/2010) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
### за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2010) во член 2, по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Администраторот на информацискиот систем еднаш неделно задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член за што писмено го известува офицерот за заштита на личните податоци, секретарот и Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 2**

Во член 4, по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Администраторот на информацискиот систем задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии од став 1 на овој член за што писмено го известува офицерот за заштита на личните податоци во Општина Карпош, секретартот и Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-/11-5 ПРЕТСЕДАВАЧ
30.3.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје **Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите

1. Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/11-6**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008 и 124/2010/, а во врска со член 10, став 2, алинеја 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2009 и 158/2010) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на уништувње на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 1/2010), во член 2, по став 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Во записникот од став 2 на овој член задолжително се наведуваат сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат, како и категориите на лични податоци содржани во истите.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништувањето на копиите или умножените документи".

**Член 2**

Во член 3, во став 4 по зборот „составува" се додава зборот „комисиски".

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2798/11-6
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на ОК „Вардар” – Скопје

1. Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на ОК „Вардар” – Скопје донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/12**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), а во врска со Програмата за дејноста спорт за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 12/2010 и бр. 14/2010), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за доделување финансиски средства на Одбојкарски клуб „Вардар" – Скопје

Член 1

Се доделуваат финансиски средства во износ од 550.000,00 денари на Одбојкарскиот клуб „Вардар" – Скопје, како поддршка за натпреварување во Првата државна лига.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма ЛО - Спорт и рекреација, потставка 463120 - трансфери до спортски клубови.

Член 3

Средствата да се пренесат во корист на ОК „Вардар" – Скопје, на жиро-сметка бр. 300000000161638 во Комерцијална банка АД – Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Се задолжува корисникот на средствата од член 1 од оваа Одлука да достави извештај за реализацијата на доделените средства.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2798/12<br>
30.3.2011 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства за учество на поединечно Светско првенство во пинг-понг

1. Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства за учество на поединечно Светско првенство во пинг-понг донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/13**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
за доделување финансиски средства за учество на поединечно Светско првенство во пинг-понг

Член 1

Се доделуваат финансиски средства во износ од 200.000,00 денари на Јулија Весковска од Скопје, член на женската екипа на ППК Влае и македонската пинг-понгарска репрезентација, како поддршка за подготовка и учество на поединечното Светско првенство во пинг-понг, што ќе се одржи во Ротердам, Холандија, во период од 8.5 до 15.5.2011 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма АО - Совет на Општина, ставка 413-тековна резерва, потставка 413110-тековна резерва.

Член 3

Средствата да се пренесат во корист на Јулија Весковска, со ЕМБГ 1707983455085, трансакциска сметка бр. 300007061081086 во Комерцијална банка АД – Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Се задолжува корисникот на средствата од член 1 од оваа Одлука да достави извештај за реализацијата на доделените средства.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2789/13
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на „Македонија филм“

1. Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на „Македонија филм“ донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/14**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување финансиски средства на „Македонија филм“**

Член 1

Се доделуваат финансиски средства во износ од 200.000,00 денари на „Македонија филм“ АД – Скопје, како носител на производните и дистрибутерските права од филмот „Исправи се, Делфина” за изработка на неговото прво издание во видео-ДВД формат.

За доделените средства, „Македонија филм“ на Општина Карпош ќе и додели 500 примероци од ДВД-изданието.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма АО - Совет на Општина, ставка 413-тековна резерва, потставка 413110-тековна резерва.

Член 3

Средствата да се пренесат во корист на „Аквариус дизајн“ – Скопје, изготвувач на изданието, на жиро-сметка бр. 370001110009259б во Еуростандард банка – Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Се задолжува корисникот на средствата од член 1 од оваа Одлука да достави извештај за реализацијата на доделените средства.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798/14
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства на Здружението за остварување на правата од областа на здравственото, социјалното и пензиското и инвалидското осигурување „Хумано срце за сите”

1. Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на Здружението за остварување на правата од областа на здравственото, социјалното и пензиското и инвалидското осигурување „Хумано срце за сите” донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-3174/15**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за доделување финансиски средства на Здружението за остварување на правата од областа на здравственото, социјалното и пензиското и инвалидското осигурување „Хумано срце за сите”

Член 1

Се доделуваат финансиски средства во износ од 120.000,00 денари на Здружението за остварување на правата од областа на здравственото, социјалното и пензиското и инвалидското осигурување „Хумано срце за сите”, како помош за лекување на четири деца со ретки болести.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма АО - Совет, ставка 413-тековна резерва, потставка 413110-тековни пезерви.

Член 3

Средствата да се пренесат во корист на „Хумано срце за сите” – Скопје, на жиро-сметка бр. 300 000003098507 во Комерцијална банка АД – Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Се задолжува корисникот на средствата од член 1 од оваа Одлука да достави извештај за реализацијата на доделените средства.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798 /15
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за преименување на пливачкиот базен „Младост“ во Карпош 3

1. Се објавува Заклучокот за преименување на пливачкиот базен „Младост“ во Карпош 3 донесен на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/16**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за преименување на пливачкиот базен „Младост“ во Карпош 3

1. Да се покрене иницијатива за преименување на пливачкиот базен „Младост“ во Карпош 3, во пливачки базен „Атина Бојаџи“ и отворање на спомен-соба за легендата на македонското пливање во склоп на базенот.

2. Иницијативата да се поднесе до Владата на Република Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/16
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2011 година

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2011 година донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/17**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа член 6, став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/2009) , а во врска со член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002) Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**ПРОГРАМА**
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2011 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 12/2010), во точка 2 „Развивање форми на вонинституционална заштита и вклучување на социјално исклучените лица – Помош на стари лица“, во делот „Финансиски средства – отворање клубови, формирање на социјална карта и психосоцијална поддршка“ износот „1.800.000,00 ден.“ се заменува со износот „1.550.000,00 ден.“, а во делот „Вкупно“ износот „2.500.000,00 ден.“ се заменува со износот „2.250.000,00 ден“.

Во насловот „Остварување на правата од областа на социјалната и здравствената заштита на ромската популација“, во делот „Финансиски средства – за останатите активности“ износот „350.000,00 ден.“ се заменува со износот „150.000,00 ден.“, а во делот „Вкупно“ износот „500.000,00 ден.“ се заменува со износот „300.000,00 ден.“

2. Во точка 3 „Остварување социјална заштита на лица засегнати од злоупотреба на дрога и други психотропни супстанции – превенција за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции“, во делот „Финансиски средства“ износот „300.000,00 ден.“ се заменува со износот „150.000,00 ден.“

3. Во точка 4 „Унапредување на здравјето на населението и промовирање на здрави начини на живот – унапредување на здравствена заштита“, во делот „Активности “ се додава нова алинеја која гласи:

„Доопремување на стоматолошка ординација во ЈУОДГ „Пролет“, клон „Сончогледи “.

Во делот „Финансиски средства“ износот „1.000.000,00 ден.“ се заменува со износот „1.600.000,00 ден.“, а во делот „Вкупно“ износот „1.000.000,00 ден.“ се заменува со износот „1.600.000,00 ден.“

4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2798/17<br>30.3.2011 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за одобрување на средства за вршење инвентаризација на изградени објекти на подрачјето на општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за одобрување на средства за вршење инвентаризација на изградени објекти на подрачјето на општина Карпош донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/18**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување на средства за вршење инвентаризација на изградени објекти на подрачјето на општина Карпош

Член 1

Заради вршење на инвентаризација на изградени објекти на подрачјето на Општина Карпош во смисла на одредбите од Законот за постапување со бесправно изградените градби („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2011), се одобруваат средства во износ од 300.000,00 денари за исплата на надоместок за ангажираните лица кои ќе ја спроведат оваа активност.

Член 2

Средствата од точка 1 на оваа одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма ЕО – Општинска администрација, ставка 425-договорни услуги, потставка 425990-други договорни услуги.

Член 3

Се задолжува Секторот инспекторат да ги координира активностите поврзани со инвентаризацијата на изградените објекти и за тоа секој месец до Градоначалникот на Општина Карпош да доставува извештај за спроведените активности од страна на ангажираните лица.

Член 4

Реализацијата на средствата ќе биде извршена со поединечни решенија за секое ангажирано лице, донесени од страна на Градоначалникот на Општина Карпош врз основа на извештајот од член 3 на оваа одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798/18 ПРЕТСЕДАВАЧ
30.3.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје **Трифун Трифуновски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за купување уметничко дело – слика

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за купување уметничко дело – слика донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 30 март 2011година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Карпош“.

**Број 08-3174/19**
**4.4.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002), Советот на Општина Карпош на триесет и третата седница одржана на 30 март 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување финансиски средства за купување
уметничко дело – слика

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 600.000,00 денари за купување уметничко дело – слика од познатиот ликовен уметник Глигор Чемерски.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма АО - Совет, ставка 413-тековна резерва, потставка 413110-тековни резерви.

Член 3

Средствата да се пренесат во корист на Глигор Чемерски, на трансакциска сметка 210501565314172, депонент на Тутунска банака АД – Скопје.

Член 4

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2798 /19
30.3.2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на Информацијата за
состојбата во градинките со вработување на технички
персонал, негувателки и воспитувачки
со Решение за објавување .................. 2-3

2. Заклучок за усвојување на Информацијата за начинот
на уредување на тротоарите од улица Ванчо Мицков,
населба Долно Нерези, со Решение за објавување ........................... 4-5

3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката
за извршување на Буџетот на Општина Карпош
за 2011 година со Решение за објавување ........................ 6-7

4. Одлука за утврдување на Нацрт-детален
урбанистички план за централен Градски парк, блок 3,
Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување ..........................8-11

5. Заклучок за усвојување на Информацијата за наплата
на приходите по основа на даноците на имот за 2010 година.......................12-13

6. Програма за поставување урбана опрема на
подрачјето на општина Карпош со Решение за објавување .....................14-29

7. Предлог-програма за изменување и дополнување
на Програмата за работа на Советот за 2011 година
со Решение за објавување ............................. 30-32

8. Програма за работа на Секторот инспекторат .............................. 33-44

9. План за изменување на Планот за создавање
систем на технички и организациски мерки за
обезбедување тајност и заштита на обработката на
личните податоци со Решение за објавување ........................45-47

10. Правилник за изменување и дополнување на
Правилникот за техничките и организациските мерки
за обезбедување тајност и заштита на обработката на
личните податоци со Решение за објавување ..................48-50

11. Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и овластените лица .......................... 51-54

12. Правилник за изменување на Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти со Решение за објавување ................................ 55-56

13. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на правење на сигурносни копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци со Решение за објавување ..........................57-58

14. Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот за уништување, бришење и чистење на медиумите со Решение за објавување ..........................59-60

15. Одлука за доделување финансиски средства на Одбојкарски клуб „Вардар“ со Решение за објавување ........................61-62

16. Одлука за доделување финансиски средства за учество на Јулија Весковска на Светско првенство во пинг-понг со Решение за објавување . ......................63-64

17. Одлука за доделување финансиски средства на „Македонија филм“ со Решение за објавување ...................65-66

18. Одлука за доделување финансиски средства на Здружението за остварување на правата од областа на здравственото, социјалното и пензиското и инвалидското осигурување „Хумано срце за сите“ со Решение за објавување .........................67-68

19. Заклучок за преименување на пливачкиот базен „Младост“со Решение за објавување .......................69-70

20. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2011 година со Решение за објавување .................71-73

21. Одлука за одобрување на средства за вршење
инвентаризација на изградени објекти на
подрачјето на општина Карпош со Решение за објавување ...........74-75

22. Одлука за одобрување финансиски средства за
купување уметничко дело – слика со Решение за објавување ........... 76-77

**Издавач**: Општина Карпош

**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка за работата на Советот

**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925

**Тираж:** 50 примероци